РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ
Бр. 01-14/1
11.01. 2018 год.
СКОПЈЕ

# Политика за Сигурност

Дирекцијата за радијациона сигурност (ДРС) ја спроведува својата мисија и задачи, наметнати со законските одредби, во однос на нуклеарната и радијационата сигурност и нуклеарната безбедност врз основа на принципот дека **сигурноста е највисока вредност.**

Следејќи го овој принцип, секој вработен во ДРС:

- Има за цел да обезбеди и одржува целосна независност и непристрасност во однос на извршувањето на функциите на ДРС.
- Ги извршува своите задачи на професионален и компетентен начин, со доследно спроведување на законските одредби во однос на усогласеноста на надгледуваните субјектите со правилата за сигурност.
- Доделува највисок приоритет на сигурноста, наведувајќи ги целите, планирањето, спроведувањето и оценувањето на резултатите од нивните акции.
- Промовира, имплементира и развива култура за сигурност во сите области на дејствување на ДРС.
- Го имплементира и го подобрува интегрираниот систем за управување на ДРС и делува во согласност со принципите и процедурите содржани во него.
- Ги развива своите компетенции, споделува знаење и тежнее тоа знаење да го зачува и да го искористи, пред се, при извршување на својата работа.
- Обезбедува работна сигурност и заштита на материјалните и информативните ресурси.
- Соработува и ги споделува најдобрите практики и знаења со други субјекти вклучени во користење на извори на јонизирачко зрачење.
- Ја одржува транспарентноста во односите на ДРС со јавноста, медиумите и другите засегнати страни.

Раководството и сите вработени ја преземаат одговорноста за спроведување на визијата и мисијата на ДРС во согласност со оваа Политика за сигурност и важечките законски прописи.

Врвното раководство се обврзува да ги обезбеди неопходните ресурси и личната посветеност на водечката улога - да дејствува како пример, да комуницира, мотивира и да ги поддржува вработените во ефективното спроведување на Политиката за сигурност.

Директор на ДРС
*Светислав Ѓорѓевиќ*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ

*бул.„Партизански одреди“, бр.143, П.фах 22, 1020 Скопје, тел. 3099-030, факс. 3099-032, e-mail: drs@drs.gov.mk*